# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 19 | Четврток, 23 август 2012 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

**Градоначалник на општина Струмица:** **Стр.**

**310.** **Одлука** за организирање на јавна анкета за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш - Блок 4 во КО Куклиш 2

**311.** **Одлука** за организирање на јавна презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш 3

**Стр.**

**312.** **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш 4

**310.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија“ број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш - Блок 4 во КО Куклиш**

1. Се организира јавна анкета за утврдување на Нацрт - Урбанистичкиот план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш, со површина од 2828 м$^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со селски пат ( КП број 4431 КО Куклиш);
- Од западната страна со селски пат (КП број 5346/1 КО Куклиш);
- Од јужната страна со парцелите со КП бр. 4455/1 и 4456/1 КО Кулкиш).

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица” и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш - блок 4, во КО Куклиш со површина од 2828 м$^2$, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-6626/1 Градоначалник
23.08.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................

**311.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш**

1. Се организира јавна презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш - Блок 4 во КО Куклиш со површина од 2828 $м^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со селски пат ( КП број 4431 КО Куклиш);
- Од западната страна со селски пат (КП број 5346/1 КО Куклиш);
- На јужната страна со парцелите со КП број 4455/1 и 4456/1КО Кулкиш).

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во "Службен гласник на општина Струмица" и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 07.09.2012 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-6626/2 Градоначалник
23.08.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**312.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш**

1. За членови во Комисија за спроведување на јавната акета и јавната презентација за утврдување на Нацрт - Урбанистички план за дел од село Куклиш – блок 4 во КО Куклиш со површина од 2828 $м^2$ ги именувам:

-Стојан Динев – дип. инж. архитект раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи ;

- Александар Лазаров – дип. инж. архитект претставник на изготвувачот на планот;

- Александар Цицимов – дип. инж. архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 07.09.2012 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3 .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-6626/3 Градоначалник
23.08.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.